# ОПЕРЕТА
# и содржинска обработка на „ЛИЛЈАКОТ“ од Ј. ШТРАУС

**Оперета е музичко – сценско дело со ведра и забавна содржина.** Драмското дејство се реализира преку пеење, свирење, глума и говорни дијалози. **Оперетата произлегла од <u>комичната опера</u> во средината на <u>19</u> век.**

Се мисли дека **Жак Офенбах** ги напишал првите оперети кои што се најраните едночински хитови „Двајцата слепи луѓе“, „Ба – та – клан“ и **првата целосна оперета со голем успех „Орфеј од подземниот свет“.**

За кратко време операта достигнала многу голема популарност и во други европски земји како: Англија, Германија, Австрија и пошироко.

**Најзначаен композитор на оперети на германски јазик е австриецот Јохан Штраус – помладиот, а негова најпопуларна оперета е „Лилјакот“.**

Врвот на англиската оперета бил достигнат кога се појавиле Гилберт како писател на либрета и Саливан Вилијам како композитор на музиката.

Развојот на оперетата продолжува и во 20 – от век со дела од композиторите: Едвард Герман, Лајонел Монктон и Харолд Ф. Симсон.



## Оперета „Лилјакот“

Лилјакот е оперета композирана од Јохан Штраус,на лебрето од Карл Хафнер и Ричард Гене. Оригиналниот извор за Лилјакот бил напишан од Јулиус Родерик Бенедикс познат под наслов Затворот. Друг извор е француската драма Полноќна вечера на Анри Мелјак и Лудвиг Алеви. Поради присуството на специфичните француски обичаи, Ричард Гене направил адаптација на драмскиот текст во либрето со Виенски бал, наменето за Јохан Штраус. Оперетата е поставена и премиерно изведена на 21 Април 1874 година во Виена. Оттогаш, таа редовно е дел од репертоарот на операта во Виена.

https://www.youtube.com/watch?v=JVvymjroMaE

**Содржина:**

**Прв чин:**

Габриел вон Ајзенштајн е осуден на 8 дена затвор поради навреда на државен службеник, делумно по вина на неговиот адвокат д-р Блинд. Принцот Орловски одржува бал. Меѓу поканетите се Ајзенштајн, неговата слугинка и неговата сопруга Розалинда. Кога управителот на затворот доаѓа да го приведе Габриел, наидува на Розалинда и нејзиниот љубовник кој ја прифаќа улогата да биде Ајзенштајн.

**Втор чин**

Диригент на балот е Фалке, чија цел е да му се одмазди на Ајзенштајн поради срамот  што му го приредил, оставајќи го пијан на улица облечен како лилјак. Гостите се преправени во други личности.

Розалинда успева да украде часовник од џебот на нејзиниот сопруг, кој подоцна ќе го приложи како доказ за недолично однесување.

Гостите се забавуваат и разговараат со наклоност едни кон други, не препознавајќи се меѓу себе.

Во момент на невнимание, Ајзенштајн ја открива својата личност, раскажувајќи за случката за Лилјакот.

**Трет чин**

Наредното утро сите се разбудуваат во затвор. Розалинда започнува постапка за развод, Адела и нејзината сестра Ида ги носат во притвор. Фалке признава дека ова е одмаздата за Лилјакот. Ајзенштајн го признава неверството и останува во затвор за да ја одлежи изречената казна.





Изработил: Благој Крстевски
– наставник по музичко образование
во О.У. „Тодор Ангелевски“ Битола